Врз основа на член 42 став 4 од Законот за рибарство и аквакултура (“Службен весник на Република Македонија” бр. 07/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12 и 164/13) и Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативни зони и риболовни ревири бр. 41-10549/4 од 30.12.2013 година (“Службен весник на Република Македонија” бр. 1/14), Комисијата за спроведување на постапки за доделување на концесии на рибите за вршење стопански риболов и за организирање на рекреативен риболов во риболовни води, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за доделување на концесии на риби за организирање на рекреативен риболов на рекреативни зони и риболовни ревири**

## *I ПРЕДМЕТ НА КОНЦЕСИЈА*

Предмет на концесијата е доделување на концесија на риби за организирање на рекреативен риболов на една или повеќе од следните рекреативни зони и риболовните ревири:

1. Рекреативни зони

1.1. Рекреативна зона “акумулација Водоча” – ја опфаќа целата површина на акумулацијата,
1.2. Рекреативна зона “акумулација Глажња” – ја опфаќа целата површина на акумулацијата,
1.3. Рекреативна зона “акумулација Липково” – ја опфаќа целата површина на акумулацијата, делот на Липковска река кој се наоѓа меѓу браната Глажња и вливот во акумулацијата Липково, како и малата акумулација на овој дел од реката,
1.4. Рекреативна зона “акумулација Тиквешко Езеро” – ја опфаќа целата површина на акумулацијата,
1.5. Рекреативна зона “акумулација Црничани – Езеро” – ја опфаќа целата површина на акумулацијата,
1.6. Рекреативна зона “акумулација Глобочица” - ја опфаќа целата површина на акумулацијата,
1.7. Рекреативна зона “акумулација Матка” – ја опфаќа целата површина на акумулацијата и делот на реката Треска кој се наоѓа помеѓу браната Св. Петка и вливот во акумулацијуата матка,
1.8. Рекреативна зона “Рекреативно езеро Треска” – ја опфаќа целата површина на акумулацијата
1.9. Рекреативна зона на Преспанско езеро – ја опфаќа бреговата линија и водената површина до 200 метри од бреговата линија на територијата на Република Македонија.

2. Риболовни ревири

Слив на Река Вардар-горно течение

2.1. Риболовен ревир “Вардар 3”– ги опфаќа водите на реката Вардар и тоа од вливот на Улеверичка Река до вливот на реката Бистрица вклучително и притоките: Пена, Лешочка Река и Бистрица, како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа и

2.2. Риболовен ревир “Вардар 4” – ги опфаќа водите на реката Вардар и тоа од вливот на река Бистрица до дрвениот мост во близина на с. Радуша со притоките: Босилечка, Габровчица, Љуботенска Река и Горанечка Река, како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа.

Слив на Река Вардар-средно течение

2.3. Риболовен ревир “Вардар 5”- ги опфаќа водите на реката Вардар од дрвениот мост над с. Радуша до влив на река Треска, како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа,

2.4. Риболовен ревир “Тополка” – го опфаќа целото течение на реката Тополка со притоките, од изворот до вливот во река Вардар, како и сите мели и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа и

2.5. Риболовен ревир “Бабуна 1”- го опфаќа течението на реката Бабуна со притоките од изворот до вливот на реката Изворчица, вклучувајќи ја и неа.

Слив на Река Вардар-долно течение

2.6. Риболовен ревир “Вардар 12”- опфаќа течение на реката Вардар од влив на Кованска река до македонско-грчката граница, вклучително и Кованска река и сите останати поголеми притоки на овој дел од текот на Вардар, со исклучок на реката Луда Мара и нејзините притоки и

2.7. Риболовен ревир “ Река Луда Мара – Богданци”- го опфаќа целото течение на реката реката Луда Мара и нејзините притоки , како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа.

Слив на Река Треска

2.8. Риболовен ревир “Треска 2” – опфаќа дел од Треска од мостот на патот кој води од Кичево до с. Пласница (мостот е граница) до вливот во акумулацијата Козјак – до вливот на Беличка Река (Велешница) со сите притоки на реката Треска во тој дел, како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа и

2.9. Риболовен ревир “Треска 3” – опфаќа дел на Треска од браната на акумулацијата Матка до вливот на Треска во Вардар со сите притоки во тој дел.

Слив на Река Пчиња

2.10. Риболовен ревир “Крива Река 1” – го опфаќа течението на Крива Река од изворишниот дел до мостот кај село Туларево со сите притоки во целото свое течение кои се вливаат над „Коњушкиот мост” , како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа.

Слив на Црна Река

2.11. Риболовен ревир “Црна Река 5”– опфаќа дел од Црна Река од браната на акумулација “Тиквеш” до влив во Вардар, вклучително и сите притоки на Црна Река и нивните притоки на овој дел, како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа.

Слив на Река Брегалница

2.12. Риболовен ревир “Брегалница 2” – опфаќа дел од течението на реката Брегалница од с. Разловци до влив во акумулацијата “Калиманци” вклучувајќи ги сите притоки од текот на Брегалница во овој дел, како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа и

2.13. Риболовен ревир “Брегалница 3” – опфаќа дел од течението на реката Брегалница од браната на акумулацијата “Калиманци” до с. Истибања, вклучувајќи ги сите притоки од текот на Брегалница во овој дел, како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа.

Слив на Река Црн Дрим

2.14. Риболовен Ревир Река Радика – Го опфаќа течението на реката Радика од вливот на Гарска река во Радика (местото наречено “Бошков Мост”) низводно до вливот на Радика во акумулацијата Шпиље, 500 метри низводно од мостот за с. Долно Косоврасти.

Слив на Река Струмица

2.15. Риболовен ревир “Струмица 1” – опфаќа дел од течението на реката Струмица од изворишниот регион до вливот на реката Турија вклучително и реката Турија и сите притоки во тој дел од текот, како и делот на реката Водочица од браната на акумулацијата Водоча до вливот во реката Струмица, како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа вклучувајќи ги и рекреативните зони “Маркова Брана” и “Дрвошка”.

Слив на Преспанско Езеро

2.16. Риболовен ревир “Слив на Преспанко Езеро” го опфаќа течението на река Исток, Голема Река (или Стара Река), Преторска Река, Кранска Река, Брајчинска Река како и сите притоки кои се вливаат во Преспанското Езеро и во горе наведените водотеци, како и сите мали и микроакумулации кои припаѓаат во овој ревир, а се утврдени во риболовната основа.

Еден подудувач може да достави понуда за една или повеќе рекреативни зони или риболовни ревири.

## *II ПЕРИОД ЗА КОЈ СЕ ДОДЕЛУВА КОНЦЕСИЈАТА*

Рибите од рекреативните зони и риболовните ревири се доделуваат на концесија за организирање на рекреативен риболов за период од шест години.

## *III РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ*

Крајниот рок за поднесување на понудите е 17.03.2014 година до 14:00 часот.

Понудите кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да бидат разгледувани.

Сите трошоци кои се во врска со подготовката и поднесувањето на понудата паѓаат на товар на понудувачот.

## *IV ЈАВНО ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИ*

Јавното отворање на понудите ќе се одржи во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на 17.03.2014 година во 14:00 часот.

## *V АДРЕСА НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ*

Понудувачите понудата ја доставуваат во затворен плик преку пошта на адреса: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ул. Аминта трети број 2, 1000 Скопје или со предавање во архивата на министерството секој работен ден од 9,00 до 15,00 часот.

## *VI ЈАЗИК НА КОЈ ТРЕБА ДА БИДАТ НАПИШАНИ ПОНУДИТЕ*

Понудата се изготвува и доставува на македонски јазик на образецот на понудата кој е даден во прилог на тендерската документација.

## *VII ИЗДАВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И НАДОМЕСТОК ЗА ИЗДАВАЊЕ*

Тендерската документација се издава во арихавата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација изнесува 500,00 (петстотини) денари.

Надоместокот за издавање на тендерската документација се уплаќа на налог за јавни приходи со цел на дознака АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА, назив и седиште на примач ТРЕЗОР НА РМ, банка на примач НБРМ, трансакциона сметка 100000000063095, приходна шифра 722313 00.

## *VIII УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО*

Заинтересираните здруженија и други правни лица кои ќе конкурираат на овој јавен повик треба да исполнуваат лични, технички и професионални услови за што треба да ја достават следната документација:

A. Риболовни здруженија :

- изјава од одговорно лице во здружението со која под морална, материјална и кривична одговорност се докажува бројот на членови во здружението;
- договор за обезбедување на порибителен материјал за порибување на одредената риболовна вода склучен со регистриран репроцентар за периодот на времетраење на концесија, со наведени планирани количини за порибување вкупно за целиот шестгодишен период на концесија и планирани количини за порибување поединичено по години;
- документ за регистрација на дејноста на здружението (ДРД образец);

Б. Правни лица:

- документ за регистрација на дејност на правното лице – рибарство (ДРД образец);
- М1 и М2 образец и уверение за завршено високо образование од областа на природните науки (рибарство) за вработеното лице, или склучен договор за соработка со научна или образовна установа од областа на рибарството;
- Опис за техничката опременост и оспособеност на понудувачот, со прилог документи за доказ за сопственост или за закуп, лизинг на пловните објекти како и за превозното средство

Покрај документите наведени во точката А или Б, риболовните здруженија, односно правните лица, задолжително ја доставуваат и следнава документација:

- М1 и М2 образец за вработените лица (рибочувари) или договор за ангажираните лица;

- лиценци за вршење работи за обезбедување на лица и имот на име на вработените и/или ангажираните лица (рибочувари);

- изјава од одговорно лице со која под морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека лицето, или лицата кои се пријавуваат како вработени и/или ангажирани лица (рибочувари), се пријавуваат како такви само за еден риболовен ревир или рекреативна зона и дека не ја извршуваат таа обврска за друг риболовен ревир или рекреативна зона;

- изјава од одговорно лице со која под морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека располага со пловни објекти (чамци) и брз пловен објект (глисер) кои се видливо обележани (за рекреативните зони),

- изјава од одговорно лице со која под морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека располага со превозно средство, фото, видео и аудио опрема (фотоапарат, камера, диктафон и слично) и средство за комуникација (мобилен телефон или друг радио уред) и со опрема за земање мостри од вода и угината риба;

- изјава од одговорно лице со која под морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека доколку биде избран за најповолен понудувач и склучи договор за концесија на рибите за организирање рекреативен риболов задолжително:

- за целото времетрање на овој Договор ќе има вработено и/или ангажирано рибочувари согласно доставената понуда;
- ќе вработи и достави пријави за полагање на испит за вработени или ангажирани лиценцирани рибочувари согласно со понудата во рок од 15 дена од денот на склучување на договорот;
- ќе го извести Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за промена на лицата кои се одговорни за организирање на вршењето на рекреативниот риболов;
- за време на природен мрест на рибите дополнително ќе ангажира лица за физичка заштита на риболовната вода;
- ќе врши порибување согласно риболовната основа, годишниот план и договорот за порибување склучен со регистриран репроцентар кој е составен дел на понудата,
- за време на природен мрест на рибите ќе организира и спроведува зачестени контроли во соработка со други надлежни органи;
- нема да дозволува ловење на риби во утврдениот период за природен мрест во Риболовната основа
- финансиските средства добиени по основ надомест на штета ќе ги намени за порибување;
- ќе има рибочуварска служба која располага со пловни објекти (чамци) и брз пловен објект (глисер) кои се видливо обележани (доколку е утврдено како потреба во риболовната основа за риболовната вода за која се доставува понудата) за целиот период на концесија,
- ќе располага со превозно средство, фото, видео и аудио опрема (фотоапарат, камера, диктафон и слично) и средство за комуникација (мобилен телефон или друг радио уред) и со опрема за земање мостри од вода и угината риба;

- ќе организира селективен и мелиоративен риболов кој ќе се спроведува во соработка со овластена институција од областа на рибарството;
- видливо ќе ги обележи деловите од риболовните води кои се определени како специфични локации каде се мрестат рибите како и пристапите до истита во време на мрест на рибите;
- ќе доставува Годишен план за заштита и стопанисување со рибите и План за заштита на рибите како составен дел на годишниот план изработени согласно Риболовната основа за риболовна вода;
- ќе доставува годишен извештај за реализација на активностите предвидени со Годишниот план;
- ќе издава дозволи за рекреативен риболов само на продажните пунктови и за нивната локација да го извести Државниот инспекторат за земјоделство;
- ќе плаќа надоместок за концесија на начин и под услови утврдени во Договорот за концесија;
- висината на надоместокот за издавање на дозволите за рекреативен риболов ќе ја определува согласно пртпишаниот начин и метод од федерацијата;
- ќе врши физичка заштита на рибите преку најмалку ___ лиценцирани рибочувари со положен испит за рибочувар за целиот период на концесија;
- ќе ја следи состојбата на водата и рибите со цел заштита од загадување и помор и презема активности и задачи при констатиран помор на риби;
- ќе води евиденција за бројот на издадени дозволи, како и евиденција за количината на уловена риба и да ја доставува до минситерството;
- ќе ги почитува одредбите од Правилникот за големина на риби по кој не смеат да се ловат за стопански и рекреативен риболов;
- ќе го информира овластениот инспектор за земјоделство кој е надлежен да постапува во областа на рибарството со аквакултурата за сторен прекршок од страна на сторителите, веднаш по констатирање на направилностите;
- одземениот риболовен алат, средства, предмети и риба ќе ги доставува до овластениот инспектор за земјоделство кој е надлежен да постапува во областа на рибарството со аквакултурата;
- за секоја настаната промена писмено ќе го извести Концедентот и
- ќе врши и други работи кои се превидени со Риболовната основа за риболовна вода.

- Изјава од одговорното лице во правното лице, со која под морална, материјална и кривична одговорност потврдува дека правното лице или член на негов орган на управување или надзорен орган не се осудени со правосилна судска пресуда за следниве кривични дела: корупција, измама и перење пари (не постара од 6 месеци).

- Потврда дека не е отворена постапка за стечај

- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација

- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки
- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- Потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Понудите кои не ги содржат бараните писмени докази и потребната документација ќе се сметаат за некомплетни и нема да бидат предмет на разгледување.

## *IX КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА*

Критериуми за избор на најповолен понудувач се:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | број на членови (за здруженија) или број на вработени лица со високо образование од областа на природните науки (рибарство) или договор за соработка со научна или образовна установа од | 20 бодови |

| | | |
|---|---|---|
| | областа на рибарството (за правни лица | |
| 2 | број на рибочувари | 40 бодови |
| 3 | планирани количини за порибување по видови риби вкупно за целиот шестгодишен период на концесија | 40 бодови |

Начинот на бодирање на критериумите за избор ќе биде содржан во тендерската документација.

## *X МИНИМАЛЕН ИЗНОС ЗА НАДОМЕСТОК ЗА КОНЦЕСИЈА*

Висината на надоместокот за концесија на рибите за рекреативен риболов изнесува 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

## XI *НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ*

Надлежен орган за решавање по жалби во постапката за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативни зони и риболовни ревири е Државната комисија за жалби по јавни набавки (бул. Илинден бр. 63А, 1000 Скопје, Република Македонија). Жалба може да се изјави во рок од осум дена од денот на:

- објавувањето на Јавниот повик за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативни зони и риболовни ревири во однос на податоците, дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија од Јавниот повик;
- отворањето на понудите, во однос на дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија поврзани со тендерската документација, односно постапката за отворањето на понудите;
- прием на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативни зони и риболовни ревири, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката и
- сознанија за незаконско водење на постапка за доделување на концесија за рибите за за организирање рекреативен риболов на рекреативни зони и риболовни ревири, најдоцна во рок од една година од денот на завршување на спроведената постапка
- истекот на рокот за донесување на Одлука за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката.

Лица за контакт поврзани со овој Јавен повик

Игор Бојаџиевски
lakopilj@yahoo.com
+389 2 3134 477

Драган Атанасовски
dragan.atanasovski@mzsv.gov.mk
+389 2 3134 477

Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за вршење стопански риболов и за доделување на концесии на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони